Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 29.01.2023

Денеска (29.01.2023) во периодот од 00.00 до 04.00 часот, полициски службеници од Одделот за унифицирана полиција од сите сектори за внатрешни работи, во координација со претставници на ДПИ, ДИТ и УЗП, спроведоа акциска контрола во угостителски објекти на 272 локации. Во контролата без опфатени и 18 казина на подрачјето на СВР Скопје и СВР Куманово. За време на контролата, на територија на СВР Скопје, поточно на подрачјето на Чаир, е констатиран еден прекршок по чл.80 од Законот за оружје, при што кај Б.И.(31) од Косово е пронајден и одземен нож, а на подрачјето на Кисела Вода прекршок по Законот за странци, при што е приведен О.О.(32) од Република Турција поради негрижливен престој во државата. Притоа, од спроведената акциска контрола на подрачјето на СВР Велес, во угостителски објект во Велес констатирано е кривично дело по член 215 од Кривичниот законик, при што лицето е лишено од слобода, прекршок по чл.21 од ЗПЈПРМ поради присуство на малолетници во објектот, прекршок по Законот за оружје кај лице кое врши работа од областа на приватното обезбедување, а притоа не поседува лиценца и договор за работа (член 46 став 3 од Закон за приватно обезбедување), поради што и ова лице е приведено во полициска станица.

На 28.01.2023 полициски службеници од Полициската станица Центар и од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.М.(42) и Е.М.(20), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека претходно извршиле кривично дело „разбојништво", при што од З.С.(19) од Скопје, оделе пари. Притоа, кај С.М. биле пронајдени одземените пари и ќе бидат вратени на сопственикот. Двете лица се задржани во полициска станица и во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 18.40 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишена е од слобода А.Р.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 22.15 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода Д.С.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 17.20 часот во Полициската станица Аеродром, Д.П.(32) од Скопје пријавил дека на бул. „АСНОМ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 28.01.2023 во 10.00 часот на подрачјето на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода Ф.Ц.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 16.45 часот на подрачјето на Гази Баба од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода Р.Р.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (29.01.2023) во 01.20 часот на подрачјето на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода К.М.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (29.01.2023) во 02.30 часот на подрачјето на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода Ѓ.Г.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2023 во 02.30 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода М.И.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 23.30 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода 15-годишник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 13,30 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници приведени се Д.Х.(25) и Н.К.(52), двајцата од Р.Косово, затоа што при извршена пасошка контрола пронајдоа туѓи патни исправи. Лицата се предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (28.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 176 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 46 санкции, 18 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, девет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), шест мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

Во текот на изминатата вечер (28/29.01.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 13 возачи. Од нив 8 на територија на Битола, 2 во Прилеп, 2 во Ресен и 1 возач во Демир Хисар. За време на контролата биле санкционирани и 17 останати прекршоци.

Во текот на изминатата вечер (28/29.01.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол при што санкционирани се 13 возачи.

На 28.01.2023 околу 11.40 часот на пат во с.Ранковце, кривопаланечко, товарно возило „tojota" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ц.(28) од Куманово излетало од патот. Во несреќата возачот М.Ц. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот А.Ц.(20) од с.Гиновци, Општина Ранковце со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Куманово. Увид извршила увидна екипа на ОВР Крива Паланка.

На 28.01.2023 во 18.30 часот во Полициска станица Куманово, И.Д.(38) од Куманово пријавила дека на ул.„Власто Радојковиќ" во Куманово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник

На 28.01.2023 во 15.00 часот во Полициска станица Струга, Г.Б.(45) од Струга пријавил дека на на ул. „ЈНА" во Струга бил каснат од куче скитник.

29.01.2023

ДОПОЛНЕНИЕ-ИЗВАДОК ОД ДНЕВНИТЕ НАСТАНИ

На 29.01.2023 во 01.10 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес лишен од слобода е А.А.(34) од Велес, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 21.30 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога лишени од слобода се Д.Ј.(40) и З.К.(31), двајцата од Скопје, затоа што кај З.К. била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 18.00 часот во Прилеп од полициски службеници од ОВР Прилеп приведен е А.А.(40) од Прилеп, затоа што кај него се пронајдени и одземени 28 ампули дијазепам. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 околу 15.20 часот во Полициска станица Гевгелија е пријавено дека во казино од хотел на подрачјето на Гевгелија, Г.З.(67) од Р.Грција се струполил на подот. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи трагі на насилство. Увид извршиле увидна екипа на Полициска станица Гевгелија и Јавен обвинител, по чија наредба телото е предадено за обдукција.

На 28.01.2023 во 20.30 часот во Полициска станица Центар, 40-годишна скопјанка пријавила дека околу 14.00 часот во парк на подрачјето на Центар, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот поранешен вонбрачен партнер Ѓ.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 20.00 часот во Полициска станица Центар, Ч.Д.(60) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот во просторија од библиотека на подрачјето на Центар, додека бил на своето работно место како чувар во библиотеката, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 11.30 часот во Полициска станица Кисела Вода, Д.З.(51) од Скопје пријавил дека на 27.01.2023, во временскиот период од 21.30 часот до 22.00 часот, во неговиот стан на подрачјето на Кисела Вода настанал пожар во кој бил оштетен ентериерот и дел од една просторија во станот. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема, а полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 28/29.01.2023 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли, при што полициските службеници затекнале 10 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-08, Струга-01, Кичево-01). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против С.П.(36) од село Подареш, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.05.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 60 стебла од растенето канабис.

На 28.01.2023 околу 12.44 часот во СВР Скопје е пријавено дека по течението на реката Вардар во Долно Лисиче, пловел човечки труп, кој малку подоцна бил извлечен од водата од страна на противпожарната единица Скопје. Од лекар од Итна медицинска помош е констатирана смрт. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и известен е Јавен обвинител по чија наредба телото е предадено за обдукција.

На 28.01.2023 во 02.15 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека на подрачјето на Аеродром е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.М.(39) од Скопје и О.Д.(22) од Р.Турција. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 22.20 часот во Полициска станица Центар, Д.Р.(47) од Скопје пријавил дека околу пријавил дека околу 21.15 часот на подрачјето на Центар неговиот малолетен син бил физички нападнат од две лица кои ги познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во Полициско одделение Петровец, И.Ј.(33) од с.Марино, скопско, пријавила дека во скопската населба Илинден била касната од куче скитник.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против А.К.(30) село Моин, гевгелиско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 23.09.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 47 куршуми со калибар 7,9 мм.

На 29.01.2023 во 01.50 часот во ОВР Прилеп Д.А.(30) од Прилеп пријавил дека на 28.01.2023 околу 01.00 часот во угостителски објект во Прилеп бил физички нападнат од В.А. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 15.40 часот во Полициска станица Штип е пријавено дека околу 15.00 часот во Штип, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу 40-годишната Е.И. од с.Нов Караорман, Општина Карбинци и 50-годишниот Н.Д. од Штип. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2023 во 20.30 часот во Полициска станица Виница С.С.(29) од с.Лески, виничко, пријавил дека околу 20.10 часот во Виница бил физички нападнат од Н.И.(21) од Виница. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.01.2023 во 01.00 часот во Полициска станица Струмица А.Х.(20) од с.Турново, струмичко, пријавил дека околу 00.45 часот пред угостителски објект во Струмица бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Пред угостителски објект на Попова Шапка, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило „фиат пунто", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 28.01.2023 во 16.00 часот во Полициска станица Тетово А.И.(59) од Скопје пријавила дека околу 13.30 часот во скијачкиот центар во Попова Шапка нејзиниот малолетен внук од Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 21.20 часот во Полициско одделение Галате, Љ.Х.(67) од с.Вратчиште пријавила дека во с.Вратчиште била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.С.(55) од село Брвеница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бранење на јавен превоз без лиценца". На 27.10.2022 на регионалниот пат Тетово-Волковија, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „сеат алхамбра", при што било констатирано дека пријавениот врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.

На 28.01.2023 во 09.25 часот во СВР Скопје е пријавено дека околу 09.20 часот во обложувалница на подрачјето на Аеродром, едно лице со закана од вработената одземало пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 04.00 часот во СВР Битола е пријавено дека во Клиничка болница Битола бил донесен повреден П.Г.(55) од Битола, кој околу 01.10 часот бил пронајден паднат помеѓу коловозот и тротоарот на ул.„Наум Науновски Борче" во Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2023 околу 01.30 часот во Полициско одделение Маврово, Н.Ш.(39) од Скопје пријавил дека на паркинг во близина на угостителски објект во Маврово бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 година во 15.00 часот, Г.Б.(46) од Струга во полициска станица пријави дека на улицата „ЈНА" во Струга бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2023 во 03.10 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека на бензинска пумпа на подрачјето на Кисела Вода, едно лице со закана од вработениот одземал пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 11.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово лишен од слобода е Е.М.(34) од с.Боговиње, затоа што сериозно се одненсувал и спречувал полициски службеници при вршење службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Уиет